Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

Извадок на дел од дневни настани 01.06.2022

На 31.05.2022 во 15.45 часот во с.Ангелци, струмичко, полициски службеници од Полициската станица Струмица го лишиле од слобода Г.П.(25) од село Ангелци. Тој бил баран со потерница за доиздржување затворска казна за сторени кривични дела „тешка кражба" и „одземање на моторно возило". Лицето било предадено во Казнено-поправната установа Затвор Гевгелија за доиздржување на казната.

Денеска (01.06.2022) во 01.00 часот на бул.„Ослободување" во Кичево, полициски службеници од ОВР Кичево го лишиле од слобода А.Ц.(24) од кичевското село Црвевци, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 31.05.2022 во 22.20 часот на ул.„Васил Драгомански" во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода И.В.(40) од Куманово, затоа што кај него била пронајдена прашкаста материја. По целосно документирање на случајот против него ќе следува соодветна пријава.

На 31.05.2022 на ул.„Филип Втори Македонски" во Битола, полициски службеници од СВР Битола го лишиле од слобода К.М.(39) од Битола, затоа што кај него била пронајдена и одземена прашкаста материја. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 01.06.2022 во 00.00 часот на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Х.Д.(25) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 31.05.2022 во 22.50 часот на подрачјето на Ѓорче Петров, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода К.Ѓ.(35) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 31.05.2022 во 22.30 часот на подрачјето на Чаир, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода А.Б.(28) и А.Р.(25), двајцата од Скопје, затоа што кај нив била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 01.06.2022 во 00.30 часот на подрачјето на Чаир, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Д.С.(18) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 31.05.2022 во 10.50 часот на подрачјето на Аеродром, полициски службеници од СВР Скопје лишиле од слобода малолетник од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 31.05.2022 во периодот од 07.00 до 11.00 часот, при извршени сообраќајни контроли кон пешачите на подрачјето на СВР Охрид, полициските службеници затекнале и санкционирале 15 пешаци кои преминале коловоз надвор од пешачки премин (Охрид-07, Струга-05, Кичево-02, Дебар-01).

На 31.05.2022 околу 12.20 часот во Полициската станица Тетово е задржан за натамошна постапка 37-годишниот косовски државјанин Е.Т., кој поради непријавен престој во нашата земја бил приведен во Полициската станица за граничен премин Јажинце.

На 31.05.2022 околу 23.20 часот во СВР Штип било пријавено дека на ул.„Брегалничка" се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „југо", управувано од Г.П.(68) од Штип и патничко возило „опел астра", управувано од Д.Ш.(19) од Штип, двете со штипски регистарски ознаки. На местото на несреќата, од здобијените повреди починале возачот на возилото „југо" и неговата сопатничка Ј.П.(62) од Штип, додека возачот на возилото „опел астра" се здобил со телесни повреди, констатирани во Клиниката болница Штип. Смрт констатирал лекар од Итната медицинска помош Штип, а увид извршиле Јавен обвинител и увидна екипа од СВР Штип.

На 31.05.2022 во 22.50 часот во СВР Скопје било пријавено дека на крстосница од улиците „Благоја Стефковски" и „Методија Андонов – Ченто" се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „нисан микра", управувано од С.В.(25) од Скопје и мотоцикл, управуван од Б.Ѓ.(29) од Скопје, двете со скопски регистарски ознаки. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил Б.Ѓ., констатирани во Градска општа болница „8 Септември". Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје.

На 31.05.2022 околу 12.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на крстосница од улиците „Борис Трајковски" и „1519", мотоцикл со скопски регистарски ознаки, управуван од З.Б.(61) од Скопје, излетал од коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил мотоциклистот, констатирани во Градска општа болница „8 Септември". Увид бил извршен од екипа на СВР Скопје.

На 31.05.2022 во 11.10 часот во Полициската станица Бит Пазар, Р.Ч.(46) од Скопје пријавил дека на ул.„Менделеева" неговиот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 31.05.2022 во 10.45 часот во Полициската станица Аеродром, А.М.П.(45) од Скопје пријавила дека на ул.„Анастас Митрев" нејзината малолетна ќерка била касната од куче скитник.

На 31.05.2022 во 12.50 часот во Полициската станица Гази Баба, Т.Л.(71) од Скопје пријавил дека на ул.„Коце Металец" бил каснат од куче скитник.

Денеска (01.06.2022) во 09.30 часот на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од Одделението за криминалистички работи Центар и Бит Пазар го лишиле од слобода А.Е.(22) од Скопје. Тој бил баран по судска наредба за издржување на затворска казна за сторено кривично дело „тешка кражба" по член 236 од Кривичниот законик. Лицето ќе биде спроведено во казнено-поправна установа за издржување на казната.

Денеска (01.06.2022) во 12.40 часот полициски службеници од Оперативен тим потраги при СВР Скопје на подрачјето на Кисела Вода го лишија од слобода Р.М.(22) од Скопје. За него била распишана централна потерница врз основа на наредба од Основен кривичен суд Скопје, со која се барал за издржување на казна затвор од 3 години и 1 месец, за сторено кривично дело „тешка кражба" по чл.236 од Кривичниот законик. Р.М. ќе биде спроведен во казнено-поправна установа за издржување на казната.

На 31.05.2022 во 19.30 часот во Полициската станица Гази Баба било пријавено дека малолетничката С.Р.(16), за која на 30.05.2022 беше пријавено дека се оддалечила од домот, се вратила во СОС Детско село – Скопје.

На 31.05.2022 околу 16.30 часот во ОВР Прилеп било пријавено дека на регионалниот пат Ропотово-Чашка, кај место викано Ильачица, малолетник од с.Црнилиште, општина Долнени, управувајќи трактор без регистарски ознаки, изгубил контрола и паднал, при што се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во болницата во Прилеп. Увид извршила екипа на ОВР Прилеп.

На 31.05.2022 во 11.45 часот во ОВР Кавадарци, С.М.(42) од с.Ваташа, кавадаречко, пријавил дека во угостителски објект во селото бил физички нападнат од С.„Н". Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 31.05.2022 во 18.20 часот на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода Н.А.(51) од Скопје, затоа што се однесувал агресивно кон полициски службеници кои извршувале службени дејствија и се обидел со патничко возило „фолксваген голф" да удри во еден од нив. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 01.06.2022 во 02.10 часот во СВР Скопје, М.М.(32) од с.Ајватовци, општина Илинден, пријавил дека на работното место на бензиска пумпа во с.Кадино, општина Илинден, по претходна расправија, бил физички нападнат од Ж.Ј.(41) од општина Арачиново. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 31.05.2022 во 22.15 часот во СВР Струмица било пријавено дека на регионален пат пред влез на с.Баница, струмичко, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило, кое го напуштило местото и патничко возило „фолксваген голф", со струмички регистарски ознаки, управувано од Г.А.(32) од с.Баница. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила сопатничката В.А., а возачот и малолетен сопатник се здобиле со телесни повреди, констатирани во Медицински центар Струмица. Увид на местото извршила екипа на Полициската станица Струмица и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 31.05.2022 во 07.35 часот во СВР Скопје, В.Ј.(40) од с.Требош, тетовско, пријавил дека на ул.„Македонија" бил физички нападнат од две лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против Д.Ј.(36) и А.М. од Облешево, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „незаконит лов". На 26.09.2021, пријавените неовластено ловеле во време на забрана за лов на место викано „Кенев рид", атар на с.Спанчево. Притоа, од пријавените биле одземени две парчиња едностволно долго огнено оружје, и тоа ,,Байкал" калибар 12 GA и „Застава М-75" калибар 12 GA, репетирачко долго огнено оружје ,,Zastava M-70" калибар 30-06 и две дозволи за оружје.

На 31.05.2022 во 12.30 часот во СВР Скопје, З.З.(40) пријавил дека на ул.„1737", по претходна вербална расправија, бил физички нападнат од З.И.(55) од Скопје. Се работи на расчистување на случајот.

На 31.05.2022 во 17.00 часот во Полициската станица Центар, А.Р.(43) од Скопје пријавила дека во основно училиште каде што посетувал наша, нејзиниот малолетен син бил физички нападнат од друг малолетник. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Скопје - Единица за насилен криминал поднесе кривична пријава против Л.Ј.(55), Т.Ј.(32) и К.Ј.(30), сите од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 20.03.2022 во угостителски објект во Скопје, пријавените физички ги нападнале Т.С. и И.И. од Скопје.

На 31.05.2022 во 12.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека во близина на средно училиште на подрачјето на Бутел, малолетник испукал куршум од огнено оружје. Во координација со Јавен обвинител, увид на местото извршила екипа од СВР Скопје и се работи на расчистување на случајот.

На 31.05.2022 во 17.00 часот во Полициската станица Центар, Д.Г.(80) од Скопје пријавила дека од дома се оддалечил нејзиниот син И.Г.(55), кој имал здравствени проблеми. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.